UNIVERSITETI I EVROPËS JUGLINDORE
УНИВЕРЗИТЕТ НА ЈУГОИСТОЧНА ЕВРОПА
SOUTH EAST EUROPEAN UNIVERSITY

# Конкурс

## За запишување студенти на Универзитетот на Југоисточна Европа во академската 2014/15 година

Врз основа на член 108 од Законот за високото образование (Службен весник на Р. Македонија бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/11, 15/13, 24/13 и 41/14), член 5, став 1, точка 5 и член 25, став 1, точка 6 од Статутот на Универзитетот на Југоисточна Европа, Универзитетот на ЈИЕ, на 28.03.2014 година објавува:

# Конкурс-Трет уписен рок

## За запишување студенти на Универзитетот на Југоисточна Европа во академската 2014/15 година, според студии по циклуси

## ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ

### 1. Упис на студенти во вториот циклус на студии (последипломски) двегодишни студии, според моделот 3+2 и едногодишни според моделот 4+1

| II.1 Втор циклус на студии (модел: 3+2) | Број на студенти | Јазик | Место на студии | Цена на студии по семестар |
|---|---|---|---|---|
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | | | | |
| Кривично право | 100 | АЛБ,МК, АНГ, | ТЕ,СК | 900 € |
| Граѓанско право | | | | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА** | | | | |
| Финансии и сметководство | 50 | АЛБ, МК | ТЕ | 900 € |
| | 50 | АЛБ, МК | СК | |
| Менаџмент | 50 | АЛБ, МК | ТЕ | |
| | 50 | МК, АНГ | СК | |
| Маркетинг | 30 | АЛБ, МК | ТЕ | |
| Бизнис администрација (МБА)[1] | 20 | АНГ | ТЕ | 1000 € |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ** | | | | |
| Јавна администрација | 25 | АЛБ, МАК | ТЕ | 900 € |
| Политички науки | 20 | АЛБ, МАК | ТЕ | |

[1] Програмата по бизнис и администрација (МВА) – се реализира во соработка со Кели школата за бизнис – (Kelley School of Business) – Универзитетот во Индијана, САД кој е рангиран меѓу врвните 10 програми за МБА во САД (http://kelley.iu.edu/about/rankings.htm). Освен диплома за магистерски студии од УЈИЕ, на студентите ќе им се додели сертификат за специјализација од Кели школата за бизнис. Еден семестар целосно ќе се реализира од предавачи од КШБ преку нивната он-лајн програма - *Kelley Direct*.

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Дипломатија | 35 | АЛБ, МАК | СК | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА СОВРЕМЕНИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ** | | | | |
| Менаџирање бази на податоци | 20 | АЛБ | ТЕ | 900 € |
| Бизнис информатика | 25 | АНГ | СК | |
| Софтверско инженерство и телекомуникации | 40 | АНГ | ТЕ, СК | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ЈАЗИЦИ, КУЛТУРИ И КОМУНИКАЦИЈА** | | | | |
| Настава по англиски јазик | 40 | АНГ | ТЕ | 900 € |
| Германски студии | 15 | ГЕР | ТЕ | |
| Албанолошки студии | 15 | АЛБ | ТЕ | |
| **ИСТРАЖУВАЧКИ ИНСТИТУТ „МАКС ВАН ДЕР ШТУЛ“** | | | | |
| **Меѓународни правни и политички студии** | | | | |
| Меѓународни односи | 50 | АНГ | ТЕ, СК | 900 € |

| II.2 Втор циклус на студии (модел: 4+1) | Број на студенти | Јазик | Место на студии | Цена на студии по семестар |
|---|---|---|---|---|
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ** | | | | |
| Кривично право | 140 | АЛБ, МАК, | ТЕ, СК | 900 € |
| Граѓанско право | | | ТЕ | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИЗНИС И ЕКОНОМИЈА** | | | | |
| Финансии | 20 | АЛБ, МАК | ТЕ | 900 € |
| Менаџмент | 20 | АЛБ, МАК | ТЕ | |
| Маркетинг | 20 | АЛБ, МАК | ТЕ | |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ЈАВНА АДМИНИСТРАЦИЈА И ПОЛИТИЧКИ НАУКИ** | | | | |
| Студии по дипломатија | 20 | АЛБ, МАК | ТЕ | 900 € |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА СОВРЕМЕНИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ** | | | | |
| Развој на софтвер и апликации | 20 | АНГ | ТЕ | 900 € |

Во случај да се пријават помалку од 15 кандидати во студиската програма Универзитетот има право да не започне со соодветната студиска програма, а на пријавените кандидати ќе им понуди можност да се запишат на некоја друга студиска програма.

## 2. Критериуми за упис на студентите во втор циклус на студии

### 2.1. Услови и критериуми за запишување

(а) Право на запишување на последипломски студии според моделот 3+2 (двегодишен) имаат кандидатите, кои имаат универзитетска диплома од првиот циклус (нострифицирана) или адекватна на тригодишни студии (180 ЕКТС) и четиригодишни студии (240 ЕКТС)

(б) Право на запишување на последипломски студии според моделот 4+1 (двосеместрални) имаат кандидатите, кои имаат универзитетска диплома од првиот циклус (нострифицирана), или адекватна на четиригодишни студии (240 ЕКТС).

(в) Предметите ќе бидат редовни и модуларни според моделот: 50% од наставната програма од одредениот факултет ќе се нуди редовно додека другиот дел од наставната програма ќе биде со самостојни студии (водени од предавачите). Редовните предмети ќе се понудат секоја недела и тоа во четврток и во петок по 16:00, во сабота од 8:00 за да им одговараат и на вработените кандидати. Во однос на модуларните предмети (со професори од странство), предавањата ќе бидат интензивни.

(г) Предност ќе имаат студентите со просек на оценки од првиот циклус на судии 8.00 или поголем.

(д) Доколку во некоја од студиските програми нема да се пријават доволен број кандидати, во тој случај нема да се организира настава за истата програма.

(е) Во случај кога кандидатот завршил прв циклус на студии во несоодветна програма - струка во однос на студиската програма на која конкурира, тогаш, Комисија од соодветниот Факултет ќе ги определи условите за дополнителните критериуми потребни за дополнување на предзнаењата за упис во новата студиска програма од втор циклус.

(ж) Кандидатите кои дипломирале на универзитети надвор од Република Македонија според Законот за високото образование се должни да ги нострифицираат дипломите во Министерството за образование на РМ, за која цел ќе имаат административна поддршка од Студентскиот сервис на Универзитетот.

### 2.2. Познавање на јазиците

(а) Сите студиски програми и во двата конкурса за вториот циклус (3+2 или 4+1) се нудат на албански, на македонски или на англиски јазик. Меѓутоа, без разлика на јазикот на програмата Универзитетот има право да понуди дел од предавањата или од предметите на англиски јазик, затоа познавањето на албанскиот, македонскиот и на англискиот јазик е потребно, а познавањето на најмалку два од горенаведените јазици на академско ниво е неопходно.

(б) За програмите со настава на англиски јазик минималните критериуми се: TOEFL ITP мин. 460 (писмена верзија која се нуди на УЈИЕ) /TOEFL IBT мин.57 ( компјутерска верзија) / IELTS мин.5 или еквивалентен резултат од институционалниот тест по англиски јазик од Јазичниот центар, УЈИЕ.

## 2.3. Пријавување и упис за вториот циклус на студии

### Пријавување кандидати

Сите кандидати кои ги исполниле условите предвидени во Конкурсот имаат право да се пријавуваат. Кандидатите треба да ги достават сите долу наведени документи во објектот 802, во Универзитетскиот кампус, или преку пошта на следнава адреса:

| |
|---|
| Универзитет на Југоисточна Европа, Бул. Илинденска, бр. 335, 1200 Тетово, Македонија |

За подетални информации контактирајте ја канцеларијата за упис :

| |
|---|
| Телефон: +389 44 356 091; +389 44 356 188; и-мејл: admissions@seeu.edu.mk |

### Документи за пријавување и за упис

Сите кандидати кои аплицираат во академската 2013/2014 година е потребно да ја достават следнава документација:

1. Пополнет формулар (кој може да се земе во просториите на Универзитетот или преку официјалната веб-страница на Универзитетот- www.seeu.edu.mk)

2. Уплатница во износ од 1500 денари (25 евра)

   Детали за уплатата во денари:

| | |
|---|---|
| **Примач:** | УЈИЕ |
| **Име на банка:** | СТОПАНСКА БАНКА |
| **Број на сметка:** | 200-0008775390-10 |

   Детали за уплатата во евра:

| | |
|---|---|
| **Примач:** | УЈИЕ |
| **Име на банка:** | СТОПАНСКА БАНКА |
| **Адреса на банка:** | Бул. М.Тито бб, Тетово 1200, Македонија |
| **Број на сметка:** | 0009009090 |
| **IBAN:** | MK07200000900909026 |
| **SWIFT:** | STOBMK2X |

3. Лична биографија/ пропратно писмо кое би содржело најмалку 500 зборови Во овој есеј треба да бидат изложени причините поради кои кандидатот аплицира на Универзитетот на ЈИЕ

4. Оригинална универзитетска диплома (нострифицирана) и сите оригинални транскрипти (додаток на диплома доколку има) од првиот циклус на студии или нотаризирани копии.

5. Извод од матична книга на родени.

6. Фотокопија од лична карта или од пасош.

## СТУДИИ ОН-ЛАЈН

### 1. Уписот на студенти според он-лајн моделот на УЈИЕ за академската 2013/14 година е следен

| ОН-ЛАЈН СТУДИИ[2] | Број на студенти | Цена на студии по семестар |
|---|---|---|
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ЈАЗИЦИ, КУЛТУРИ И КОМУНИКАЦИЈА** | | |
| **ВТОР ЦИКЛУС** | | |
| Настава по англиски јазик | 20 | 900 € |

### 2. Критериуми за упис

(а) Роковите и критериумите за упис за он-лајн студиите се исти како оние во првиот и во вториот циклус на студии.
(б) Главната содржина на предметот ќе се испорачува ОН-ЛАЈН преку електронските сервиси: LMS Libri и Adobe Connect. Комуникацијата ќе се изведува преку веб-мејл и скајп.
(в) Студентите ќе бидат водени за начинот за само-учење, со критериуми за евалвација, потребни материјали и можност за учество во форуми за дискусија.

За подетални информации контактирајте го Центарот за е-учење (УЈИЕ, Обј. 701):

Телефон: +389 44 356 017; +389 44 356 188; и-мејл: elc@seeu.edu.mk

[2] Програмите ќе се нудат на англиски јазик и тие се разликуваат од редовните акредитирани студиски програми само според начинот на изведување на наставата.